Fighting false news narratives



# БЕСМРТНИОТ ПОЛК КАКО КОПЈЕ НА ОСТРАТА МОЌ - SHARP POWER НА КРЕМЉ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ДЕНОТ НА ПОБЕДАТА

Мај 2022

# СОДРЖИНА


3 КОНТЕКСТ

5 ГЛАВНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

6 МЕТОДОЛОГИЈА

7 БЕСМРТЕН ПОЛК

8 ВОВЕД: БЕСМРТНИОТ ПОЛК ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- 9 2016: ИНИЦИЈАЦИЈА НА БЕСМРТНИОТ ПОЛК КАКО ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО ПРОСЛАВАТА И ПРВАТА КОЛУМНА ОД СТРАНА НА РУСКИОТ АМБАСАДОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- 11 2017: ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, АКАДЕМИЈАТА И СИМБОЛИЗМОТ
- 13 2018: ЦРКВАТА ЗА ПРВПАТ СТАНУВА ДЕЛ ОД ОФИЦИЈАЛНАТА ПРОГРАМА
- 15 2019: ДОМАШНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ ДЕЛ ОД ПРОСЛАВАТА НА БЕСМРТНИОТ ПОЛК И ПРОШИРУВАЊЕ НА ГЕОГРАФСКИОТ ОПСЕГ НА НАСТАНИТЕ ВО ПРОГРАМАТА
- 17 2020: ОДДАВАЊЕ ПОЧИТ НА ДВАЈЦАТА ПАДНАТИ РУСКИ ВОЈНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И УШТЕ ЕДНА ОТВОРЕНА ПРОМОЦИЈА НА ВРСКИТЕ СО ДОМАШНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ
- 21 2021: “ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТРАДИЦИИТЕ“ И НОВИ НАПАДИ ОД СТРАНА НА АМБАСАДОРОТ БЕЗДНИКИН ВРЗ УКРАИНА, ПОЛСКА И БАЛТИЧКИТЕ ЗЕМЈИ
- 23 2022: ЗГОЛЕМЕН ФОКУС ВРЗ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ПРОСЛЕДЕН СО КУЛМИНАЦИЈА ВО ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ “НИЕ НЕ СМЕ АГРЕСОРИ, ТУКУ ОСЛОБОДИТЕЛИ“

27 ИЗВОРИ

© 2022 Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)

**Директни прашања до:** Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи (FN)
Париска 12, 1020 Скопје
Република Северна Македонија
**E-mail:** most@most.org.mk

**Програмски менаџер и уредник:** Росана Алексоска
**Автори:** Росана Алексоска, Дарко Алексов, Златко Димитриоски и Живко Мицкоски
**Дизајн:** Марина Стојмирова
**Извор за фотографијата на насловната страница:** twitter.com/Liveuamap, wilsoncenter.org, hiclipart.com

Мислењата, наодите и заклучоците или препораките искажани во оваа студија се на спроведувачите/авторите и не мора да значи дека ги одразуваат оние на донаторите на проектот FN.

# КОНТЕКСТ

Покрај традиционалниот „фестивал на автократија и пропаганда“ кој го спроведува Кремљ на Денот на победата во Големата војна, 9 мај веќе традиционално се прославува од Амбасадата на Руската Федерација во Северна Македонија. Повеќе настани се организираат за да се одбележи „руската победа“ во „Големата војна. Истражувањето се занимава со различните алатки кои се користат од Руската амбасада и нејзините проксија во Северна Македонија, со цел да се промовира Русија како моќна земја и „нормален“ член на меѓународната заедница, што пак претставува обид за прикривање на одредени важни факти вистинската улога на СССР на почетокот на Втората светска војна (ВСВ), како и прикажување на репресивниот и автократски режим во Русија како вредност. Дополнително, се истражува дали т.н. културни настани и настани кои спаѓаат во „јавна дипломатија“ ја преминуваат линијата, и од „мека моќ“ преминуваат во „sharp power“[1]. Меката моќ претставува способност да се постигнат посакуваните резултати преку привлекување, наместо преку принуда[2], додека пак „острата моќ - sharp power“, како што е дефинирана во студијата *„Од ‘мека моќ’ кон ‘остра моќ* - sharp power*’*“ на Националниот фонд за демократија (NED), претставува авторитарно влијание во странски земји. „Sharp power“ се развива околу концептот во кој авторитарните режими кои дома ја потиснуваат слободата на говор и не ги почитуваат човековите права, а во исто време ги злоупотребуваат овие принципи кон кои се придржуваат отворените демократски општества со цел да се промовираат и да го наметнат своето влијание врз нив. Со други зборови, *„обидите за авторитарно влијание се ‘sharp’ во смисла дека тие ја прободуваат, пенетрираат или перфорираат информациската околина во таргетираните земји. Во немилосрдниот нов натпревар кој се води меѓу автократските и демократските земји, на техниките на ‘sharp power’ на репресивните режими треба да се гледа како на врвот на нивниот бодеж – или нивниот шприц. Овие режими не се обидуваат по секоја цена да ‘ги освојат срцата и умовите’, што е вообичаено за активностите на ‘меката моќ’, туку во секој случај сакаат да ги менаџираат нивните целни публики преку манипулирање или контаминирање на информациите кои доаѓаат до нив*“, се вели во студијата.

---

[1] Национален фонд за демократија, „Од *‘мека моќ’ кон ‘sharp power’ – подемот на авторитарното влијание во демократскиот свет,* https://www.ned.org/wp-content/uploads/2017/12/Executive-Summary-Sharp-Power-Rising-Authoritarian-Influence.pdf

[2] Џозеф Нај, *Мека моќ: потеклото и политичкиот развој на еден концепт*, 2017, https://www.nature.com/articles/palcomms20178

Авторитарното и опресивно однесување на Русија дома во многу случаи ја прави информацијата која излегува од овие држави ограничена и цензурирана. Ова креира солидна почва за дезинформации и пропаганда кои ја величаат Русија, односно нејзиниот опресивен и авторитарен режим го прикажуваат во позитивно светло, како еднаков или дури и подобар од отворените општества и демократии.

Кога на настаните/статиите/дезинформациите се гледа одделно, подемот на авторитарното влијание во ранливи демократски општества[3] како што е македонското и не изгледа толку влијателен и опасен. Сепак, кога се анализира на сеопфатен и систематичен начин, тогаш се гледа неговиот разорен потенцијал за креирање дисторзија во општествата. Студијата на НЕД нагласува дека во општества кои се потпираат на нивниот словенски идентитет и на православието, Русија е насочена кон поддршка на наративите преку различни канали, како што се медиумите, академијата, граѓанското општество, културата и дури и заедницата на одлучувачи и креатори на политики, со цел да ги промовира нејзините наративи кои се во насока на интересите на Кремљ. Дополнително, истражувачите откриле дека во Словачка на пример, руското влијание ги вовлекува граѓаните во концептот на споделени вредности со словенските и православни браќа од Русија, а дека се нема ништо заедничко со западниот свет и САД, што е на иста линија со опозицијата кон ЕУ и НАТО. Во Северна Македонија се забележува сличен тренд низ призмата на прославата на Денот на победата, односно културните настани во повеќедневните програми на Амбасадата, како и настанот кој за првпат е забележан во 2017 година – Бесмртниот полк.

Од 2014 година, Русија е во остра и отворена конфронтација со Украина и Западот поради нелегалната анексија на Крим, Украина. Имајќи го предвид фактот дека оттогаш рускиот авторитарен режим стана „поопресивен дома и поагресивен надвор“[4], ова истражување се занимава со тоа како Русија ја аплицира оваа агресивност надвор, во случајов во Северна Македонија, и кои се главните настани и канали за таквите активности.

Покрај на „културните“ настани, ова истражување се фокусира и на маршот на Бесмртниот полк од 2017 година па наваму, кога за првпат беше вклучен во програмата за прослава на „Денот на победата во Големата татковинска војна“ на Амбасадата на Руската Федерација во Северна Македонија.

---

[3] Индекс на ранливост – мерење на ранливоста кон странско штетно влијание, GLOBSEC http://www.vulnerabilityindex.org/

[4] https://athina984.gr/2021/10/20/gg-nato-i-rosia-echei-ginei-pio-katapiestiki-sto-esoteriko-kai-pio-epithetiki-sto-exoteriko/

# ГЛАВНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

- Маршот на Бесмртниот полк за првпат се организираше во Северна Македонија во 2017 година. Сепак, граѓаните беа изложени на Бесмртниот полк една година порано. При неговата прослава се користат голем дел од главните елементи на „sharp power“, како што се величањето на патриотизмот на Русија и промовирањето на воените победи на Русија преку културни настан. Дополнителни елементи кои се користат се заедничкото словенско потекло, православието, како и концептот на авторитарно владеење (илиберална демократија).
- Настанот се користи како можност за ревизија на историјата преку изврТување на историските факти и праќање пораки со агресивна реторика преку колумни на руските амбасадори и дипломати кои ги сумираат и адаптираат пораките на Путин на домашниот контекст.
- Активностите, однесувањето и наративите кои ја промовираат идејата дека Македонците споделуваат исти вредности со Русите (кои не се вредности на Западот/ЕУ/САД) придонесуваат кон перцепцијата дека постои голема опозиција кон евроинтеграциskиот процес и членството во НАТО. Ова се прави на прикриен начин, со што обичните граѓани се измамени дека оваа „домашна опозиција“ кон овие стратешки национални интереси е органска/автентична.
- Симболизмот, како еден од главните елементи на прирачникот за пропаганда, влијание и дезинформации на Кремљ, се гледа преку присуството на Ноќните волци, како и преку оддавањето почит на двајцата загинати руски војници кои учествувале во воените акции во Северна Македонија. Ова се прави за да се прикаже дека Русија и помогнала на Северна Македонија за време на Втората светска војна.
- Вклучувањето на домашните граѓански организации за македонско-руско пријателство, како и академијата – Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“, локални политичари, бизниси со руски капитал и црквата, ја прави прославата на Бесмртниот полк целосна операција за влијание која спаѓа во концептот на sharp power.
- Во периодот 2015-2022, програмата на Руската амбасада и нејзините проксија за прославата на 9 Мај – Денот на победата се прошири не само во однос на содржината, туку и географски, а го зголеми и својот опсег и ги прошири своите целни групи.
- Прославата на Денот на победата во 2022 година која се случи за време на агресијата врз Украина и злосторствата извршени во оваа земја беше искористена за да се шират наративите на Кремљ кои се комплетно спротивни на вистината, што претставува обид за оправдување на неиспровоцираната војна по избор на Путин со Украина.

- Руската агресивна реторика кон нејзините соседни држави – Балтичките земји, Украина, но и Полска, присутна во говорите на Путин, им е сервирана и на граѓаните на Северна Македонија. Лажните наративи за неонацизмот кои се присутни во таргетираните земји се само уште еден доказ за тоа како со секоја изминатата година Русија ја зголемуваше агресијата во реториката. Од аспект на руската агресија врз Украина, анализата покажува дека покрај "подготвувањето" на своите граѓани, руските претставници во Северна Македонија ги "подготвуваа" и македонските граѓани преку промовирање на лажни наративи за неонацизмот. Генерализацијата е една од техниките која што Кремљ редовно ја употребува за оцрнување на цели нации и држави, со цел оправдување на своите политики и агресии во 21 век!
- Преку операциите за промоција на Бесмртниот полк, Русија исто така го проширува опсегот на концептот на "споделени вредности", обидувајќи се да го придобие и монополизира антифашистичкото расположение на граѓаните на Северна Македонија како и нивното учество во Втората светска војна.
- На граѓаните на Северна Македонија им се наметнува наративот дека Русија е најзаслужна за победата над фашизмот во Втората светска војна. На овој начин се врши поделба на населението на една млада и ранлива демократија, преку фактот што комплетно го занемаруваат и игнорираат придонесот на западните сојузници. Ова претставува сериозна информациска дисторзија за која сведочиме секоја година на 9-ти мај. Во оваа смисла, особено загрижува фактот што во оваа операција за влијание се злоупотребуваат и алатки кои вклучуваат деца од основно училиште. На овој начин Русија влијае врз одржување на позитивната перцепција за неа, односно го наметнува својот светоглед врз социјалниот контекст во Северна Македонија.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Имајќи предвид дека руското влијание преку „sharp power" се приспособува и се аплицира на различни начини во различни земји, истражувањето се занимава со неколку главни елементи на руското/авторитарното влијание преку „sharp power", на начинот на кој што тоа е искористено во случајот на Словачка.Во анализата се користени техники за истражување кои се отворени за употреба, со цел да се соберат податоци за активностите на Руската амбасада и нејзините проксија поврзани со прославата на Денот на победата. Период кој е предмет на истражување е 1-10 мај за секоја од годините во периодот 2015-2022. Истражувањето се занимава со тоа до кое ниво настаните кои се организираат по повод прославата на Денот на победата во Северна Македонија се фокусираат на (1) величањето на патриотизмот на Русија и нејзината воена надмоќ; (2) промовирањето на наследството од воените победи на Русија во Големата

татковинска војна; (3) промовирањето на заедничките словенски лингвистички и културни корени; (4) промовирањето на вредностите на „ авторитарното владеење (илибералната демократија)[5], вклучувајќи го семејството, традицијата и религијата и (5) промовирањето на „православното братство“, т.е. духовната улога на православната црква, односно Руската православна црква. Анализата исто така истражува дали во таквите активности се вклучени компонентите кои го помагаат „продорот на острата моќ - sharp power“. Ова се различни домашни актери, т.е. руски проксија во форма на граѓански организации за македонско-руско пријателство, организации на руски сонародници во Северна Македонија, академски институции/универзитети, компании/бизниси, како и локални политичари и црквата. За потребите на истражувањето беше извршена и анализа на објавените говори и колумни на руски функционери, вклучувајќи го и Путин.

## БЕСМРТЕН ПОЛК

Контроверзата и политичкото киднапирање на идејата за Бесмртниот полк[6] е предмет на долгогодишни анализи и дебати. Таа за првпат е спроведена од група ветерани во 2012 во Томск, а во првиот марш учествувале 2.000 ветерани или вкупно 6.000 лица. Во 2012, Кремљ брзо ја краде оваа идеја и ја развива во една од главните алатки за ревизија на историјата и прикривање на гревовите на СССР во однос на фактите и настаните што се случиле во периодот 1939-1941 за време на Втората светска војна. Дополнително, Бесмртниот полк стана официјален испраќач на пораката за единство, храброст и жртвување кон семејството, лојалност кон татковината, или, како што тоа го прикажа Путин во неговиот говор на парадата за Денот на победата во 2018 година: *„9-ти мај ги обединува генерациите преку историја на храброст. Секое семејство има свои херои, кои живеат во нашите срца. Тие се со нас сега во редовите на Бесмртниот полк*“[7]. Ова е прв говор во кој Путин го споменува Бесмртниот полк, при што го додава и следното: *„Ги паметиме трагедиите на двете светски војни; историските лекции не ни даваат да „ослепиме“. Новите закани ги имаат истите стари грди карактеристики: себичност и нетолеранција, агресивен национализам и полагање право на ексклузивност. Ние сме свесни за сериозноста на овие закани*“. Ова беше првпат после нелегалната анексија на Крим Путин да испрати така силни пораки, и тие се комбинирани со Бесмртниот полк.

---

[5] Марлен Ларуел, *Разбирање на илиберализмот на Русија,* Journal of Democracy, бр. 31, стр. 115-129

[6] Мира Милошевиќ-Јуаристи, *Бесмртен полк: гордоста и предрасудите на Русија*, Кралски институт Елкано, 27 септември 2018, https://www.realinstitutoelcano.org/en/analyses/the-immortal-regiment-the-pride-and-prejudice-of-russia/

[7] Владимир Путин, *говор на парадата по повод Денот на победата во 2018 година,* http://en.kremlin.ru/events/president/transcripts/57436

Додека во неговата рана фаза, настанот сè уште беше фокусиран само на Русија и нејзините градови, и беше комплетно финансиран и организиран од Кремљ, во последните големи, како дел од прославата на Кремљ на „Денот на победата во Големата татковинска војна“, тој се прошири надвор од границите на Русија, стана глобален и се одржува во скоро 80 земји низ светот. Првично, цел на овој настан беа земјите во блиското соседство на Русија кои припаѓаа на поранешниот Советски Сојуз. Една од земјите каде овој настан е многу добро прикажан е Грузија[8]. Сепак, и балканските држави не се имуни на Бесмртниот полк. Србија и Северна Македонија беа првите кои го прифатија „големото значење“ на овој настан. Во Србија, овој настан за првпат се одржува во 2017 година во Ниш, а во подоцнежните години се прошири низ повеќе градови низ државата. И во Северна Македонија овој концепт за првпат е дел од официјалната програма во 2017 година во вид на марш одржан во Скопје и Битола.

## ВОВЕД: БЕСМРТНИОТ ПОЛК ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



*Хор изведува руски воени песни, плато пред СЦ Јане Сандански, Скопје, 9 мај 2015. Извор: Фејсбук*

Истражувањето покажа дека првите корени на Бесмртниот полк во Северна Македонија датираат од **2015 година**, кога е отворен јутјуб-каналот „Македонски бесмртен полк“[9]. Каналот содржи неколку видеа чија содржина варира од стари македонски патриотски песни до пропагандистички видеа кои потекнуваат од Русија. Последното видео на овој канал е од пред 5 години.

Што се однесува до прославата во 2015 година, програмата беше следна: 5 мај, отворање на изложба на историски документи насловена „Победата над фашизмот: како беше остварена“ – Национална универзитетска библиотека; 8 мај, недела на филм „Руски воен филм“ – Кинотека; и 9 мај, концерт „УРА до победа“, на кој биле изведени руски популарни воени песни. Треба да се истакне дека во споредба со

[8] *„Големата татковинска војна“ на Путин во карантин*, Mythdetector, 2020, https://mythdetector.ge/en/putin-s-great-patriotic-war-in-quarantine/

[9] Јутјуб-канал „Македонски бесмртен полк“, https://www.youtube.com/channel/UCmZhyvEqbDYz2-jQbbOXuwg/about

годините после 2016, програмата е прилично скромна, што може да се објасни со политичките превирања кои се одвиваа во Северна Македонија во тој период.

### *Главни заклучоци од прославата во 2015 година*

Ако се анализира содржината и се направи квалитативен преглед на темите и природата на настаните, може да се подвлече дека се користат некои од главните елементи на „sharp power", т.е. величање на рускиот патриотизам и промовирање на воените победи на Русија преку културни настани.

## *2016: ИНИЦИЈАЦИЈА НА БЕСМРТНИОТ ПОЛК КАКО ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО ПРОСЛАВАТА И ПРВАТА КОЛУМНА ОД СТРАНА НА РУСКИОТ АМБАСАДОР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

Во **2016 година**, концептот на Бесмртниот полк е претставен за првпат на прикриен начин. На 8 мај, како дел од културната програма за одбележување на Денот на победата на Руската амбасада, беше организиран концерт на платото пред хотел Русија, Скопје. Концертот беше одржан под слоганот „За да се памти", и на кој беа изведени популарни руски воени песни од македонски изведувачи. Настанот, како и целата програма за одбележување на Денот на победата беа поддржани и на нив учествуваа граѓанските организации за македонско-руско пријателство и на руски сонародници, како што се Озарение, Славјанка, Чајка и МиР – сите дел од Националниот совет на руски сонародници во Северна Македонија[10]. Во рамките на овој настан, на видео-слајдер на голем екран беа прикажани фотографии на Македонци и Руси кои се бореле против фашизмот во Втората светска војна.. Овие фотографии беа обезбедени од Сојуз на борците на НОБ во Македонија, македонски граѓани, како и од Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите во Скопје. Ова е првиот официјален настан во рамките на прославата на Денот на победата на кој Бесмртниот полк им беше претставен на македонските граѓани.



*Олег Шчербак, амбасадор на Руската Федерација во Северна Македонија на крајот од неговиот мандат, Скопје, 2018. Извор: Фејсбук*

Прославата во 2016 година беше искористена од рускиот амбасадор кој објави колумна насловена „Празникот на победата на доброто над злото". Колумната беше објавена од Нова Македонија, но подоцна беше повлечена. Сепак, таа сè уште може да се најде на официјалната фејсбук-страница на Руската амбасада во Скопје[11]. Во

[10] http://www.rusmak.org.mk/
[11] Објава на официјалната фејсбук-страница на Амбасадата на Руската Федерација во Северна Македонија, 8 мај 2016, https://www.facebook.com/RussianEmbMKD/posts/475973559270928

колумната, амбасадорот Шчербак ги засили и појасни дезинформативните наративи на Кремљ дека *„Западот ја ревидира историјата“*, со што ги изврте историските факти и направи многу опасен преседан. Тој исто така ги етикетираше украинскиот и полскиот народ како колаборационисти на фашистите, и подвлече дека ситуацијата во Летонија, Литванија и Естонија е исто така загрижувачка, бидејќи „поранешните офицери на СС“ се претставени како бранители на човековите права, додека пак ветераните од Втората светска кои се бореле против нацистичка Германија се судени. Овој наратив беше започнат во 2007 година од страна на Путин, во неговиот поздравен говор на Годишната конференција на Меѓународната еврејска заедница која се одржа во Москва[12].

Овие тврдења кои доаѓаат од дипломат не може да се сметаат за јавна дипломатија и истите иницираат мноштво дезинформативни наративи против САД и ЕУ, со што се амплифицира анти-САД и анти-ЕУ сентиментот и се поттикнуваат поделби помеѓу населението. Тоа исто така вклучува агресивност и заканувачки тон, што е уште една важна карактеристика на авторитарното влијание. Што се однесува до дисторзиите, нападите врз Полска, балтичките држави и особено Украина, и наводниот подем на неонацизмот, тие се уште еден начин за дефокусирање на јавноста од реалната ситуација, а тоа е дека Русија нелегално го анектира Крим, Украина во 2014 година, сметајќи го за интегрален дел од нејзината територија.

Друг аспект на гледање на овие дезинформации е тоа што се обидуваат да го прикријат вистинското учество на СССР во настаните што доведоа до почетокот на Втората светска војна. Потпишувањето на пактот Молотов-Рибентроп и неговите тајни протоколи во секој случај го карактеризираат СССР како еден од првите сојузници на Хитлер и нацистичка Германија во периодот пред почетокот на Втората светска војна. Пактот му овозможил на СССР да окупира половина од територијата на Полска, да изврши агресии врз Литванија, Летонија и Естонија и да заземе 11% од територијата на Финска, во согласност со Мировниот договор од Москва од 1940 година[13]. Покрај фактот што ова го забрза напредувањето на Хитлер, пактот Молотов-Рибентроп и неговите тајни протоколи исто така имаа економски придобивки и за СССР.

Колумната е исто така во насока на една од главните поенти на Путин од неговиот говор на парадата на Црвениот плоштад истата година, дека „некои сили“ [САД и ЕУ] сакаат унилатерален и униполарен свет, што е многу опасно. Ова исто така покажува уште еден важен тренд, а тоа е дека „она што Путин го кажува во неговите говори попрецизно се пренесува на терен од неговите дипломати“. Во неговата колумна, амбасадорот исто така зборува за големата победа на Русија и подвлекува дека Европа ѝ е должник на Русија до денешен ден. Механизмите, елементите и

---

[12] Владимир Путин, *Воведен говор на состанокот со членовите на извршниот комитет на Европскиот конгрес на Евреите,* 2007, http://en.kremlin.ru/events/president/transcripts/24586
[13] *Комунистичкиот терор во Финска*, Естонски институт за историска меморија, https://communistcrimes.org/en/countries/finland#historical-introduction

активностите кои ја сочинуваат оваа операција за влијание се дел од концептот на остра моќ – sharp power.

### *Главни заклучоци од прославата во 2016 година*

Покрај останатите настани, во 2016 година Бесмртниот полк за првпат им е претставен на граѓаните на Северна Македонија, а и за првпат има колумна на руски амбасадор која ги пренесува и ги зајакнува дезинформациите и дисторзиите кои се присутни во пораките испратени од страна на Путин. Ова е исто така година во која се забележува зголемена агресија насочена кон Украина, Полска и балтичките земји.

## *2017: ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, АКАДЕМИЈАТА И СИМБОЛИЗМОТ*




*Битола, 2 мај 2017 – Првиот марш на Бесмртниот полк организиран во Северна Македонија. Извор: Фејсбук*

Во Северна Македонија, маршот на Бесмртниот полк за првпат се организира во **2017 година.** Маршови на Бесмртниот полк беа организирани на 2 мај во Битола, и на 6 мај во Скопје. Првиот настан беше организиран од Меѓународниот славјански универзитет „Државин“ и на него учествуваа околу 100 студенти, професори и граѓани.




*Скопје, 6 мај 2017, поставен првиот Ѕид на сеќавањето. Извор: Фејсбук*

Настанот во Скопје беше организиран на градскиот плоштад и на него учествуваа околу 300 граѓани, како што се наведува во соопштението за јавност на Руската амбасада. Двата настани беа придружени со културни настани. На 7 мај во Битола беше поставен „Ѕидот на сеќавањето“, додека пак во Скопје после маршот имаше проекција на филм. Дополнително, имаше неколку статии кои го најавија настанот, но, поради временската дистанца, статии кои се однесуваат на самиот настан не беа пронајдени.



*Битола, 7 мај 2017, Рускиот амбасадор во Северна Македонија, Шчербак, и Ноќните волци, симболизам. Извор: Фејсбук*

Во рамките на програмата од 2017 година беше организиран уште еден сет на „културни активности“. На 7 мај, почесниот конзул на Руската Федерација во Северна Македонија во Битола, Сергеј Самсоненко, организираше концерт насловен „Еден ден на војна“, на кој Ноќните волци – Македонија беа едни од главните учесници. Ова е важен елемент на „sharp power“, бидејќи Ноќните волци се симбол на Путин, а руската пропаганда се стреми да го користи симболизмот како алатка за спроведување наоперациите за влијание. Потоа, на 8 мај во Охрид беше организирана отворена изложба на фотографии „Патишта до победата“. Изложбата беше подготвена од Амбасадата, а како нејзина основа послужија архивски материјали од руската информативна агенција ТАСС. На 9 мај, во соработка со Руската амбасада, во Кинотеката на Северна Македонија во Скопје започна прикажување на руски воени филмови.

На 9 мај беше организиран настан во Битола, додека пак вториот секретар во Амбасадата, Алексеј Кривошеев објави колумна со наслов *„Заборавените лекции од историјата“*[14]. Во колумната, уште еднаш беа нагласени наративите дека „Крим е руски“ и „земјите од поранешниот СССР [кои беа окупирани од Русија во текот на Втората светска војна] се свртуваат кон неонацизмот“. Она што е уште поопасно е дека во рамките на колумната вториот секретар Кривошеев прави уште една дисторзија, а тоа е дека паднатите советски војници во Полска (приближно 600.000) се бореле за слобода на полскиот народ, со што се избегнува фактот дека во септември 1939 година, во координација со нацистичка Германија, Русија всушност окупирала половина од територијата на Полска. Едноставно, напорите да се прикаже Русија како „неутрална“ во периодот 1939-1941 остануваат императив[15]. Така, ова е втора година по ред во која дипломат објавува колумна во која пораките на Путин се „преведуваат“ за обичните граѓани во таргетираните земји. Во својот говор на Црвениот плоштад Путин го изјави следното: *„Лекциите од претходната војна бараат да бидеме будни. Руските вооружени сили се подготвени да се справат со било каква потенцијална агресија. Животот сам по себе бара од нас да го зголемиме нашиот одбранбен потенцијал. Сепак, за ефективна борба против*

[14] Алексеј Кривошеев, *Заборавените лекции од историјата*, Нова Македонија, 9 мај 2017, https://macedonia.mid.ru/web/macedonia_mc/vesti-od-ambasadata/-/asset_publisher/FYWz9cyhL1gT/content/zaboravenite-lekcii-od-istorijata-kolumna-na-vtor-sekretar-vo-ambasadata-g-din-aleksej-krivoseev-objavena-vo-nova-makedonija-09-05-2017
[15] *Руските наративи за Втората светска војна*, Борба против лажни вести и наративи, 23 март 2022, https://f2n2.mk/ruskite-narativi-za-vtorata-svetska-vojna-vo-uchebnicite-po-istorija-vo-severna-makedonija/

*тероризмот, екстремизмот, неонацизмот и останатите закани потребна е консолидација на светската заедница*“. Ова е само уште еден маневар во тактиката на Кремљ да ги изврти фактите преку агресивна реторика. Во 2021 година, Алексеј Кривошеев, кој во моментот ја извршуваше функцијата втор секретар во Руската амбасада во Албанија, беше прогласен за *персона нон грата* од албанските власти и му беше даден рок од 72 часа да ја напушти државата[16].

### *Главни заклучоци од прославата во 2017 година*

Како што може да се види, присутни се сите главни карактеристики и елементи на руската „sharp power“ – фотографиите, филмовите (го промовираат наследството од победата на Русија врз нацистите како ексклузивна заслуга на Русија), Бесмртниот полк (ги промовира патриотизмот и национализмот на Русија), колумните (ги извртуваат историските факти и ги прилагодуваат и засилуваат пораките на Путин на локално ниво), концертите (ја величаат победата на Русија и преку песните го промовираат рускиот јазик), како и употребата на агресивна реторика кон пријателските земји на Северна Македонија. Кога на сето ова ќе се додаде вклученоста на домашните граѓански организации за македонско-руско пријателство, како и академијата – Меѓународниот славјански универзитет „Државин“, станува јасно дека се спроведува целосна операција за влијание, која спаѓа во концептот на „sharp power“. Една од целите на оваа операција за влијание е величањето и промовирањето на авторитарните (илиберални) вредности, со што се поткопуваат демократските принципи.

## *2018: ЦРКВАТА ЗА ПРВПАТ СТАНУВА ДЕЛ ОД ОФИЦИЈАЛНАТА ПРОГРАМА*



*Скопје, 5 мај 2018. Извор: Фејсбук*

Настанот „Бесмртен полк“ во **2018 година** беше организиран на 5 мај во Скопје, каде беше поставен „Ѕидот на сеќавањето“, на којшто ветераните и заинтересираните граѓани можеа да поставуваат фотографии од нивните блиски кои биле дел од антифашистичкиот фронт. Руската амбасада во Скопје најави дека на 5 мај настанот „Бесмртен полк“ ќе се одржи во Скопје, додека пак во Битола на 9 мај. Настанот во Скопје беше организиран на платото од хотел Русија, Скопје, чиј сопственик е контроверзниот руски бизнисмен и почесен конзул на Русија во Северна Македонија, Сергеј Самсоненко.

[16] https://time.mk/c/0b00e0c8fa/albanija-vo-poslednite-tri-godini-nad-60-stranski-drzavjani-megju-niv-i-diplomati-proglaseni-za-persona-non-grata.html



*Битола, 9 мај 2018. Извор: Фејсбук*

Настанот во Битола повторно беше организиран од МСУ „Државин“, кој е лоциран во Свети Николе, а има кампус и Битола. Овој пат, во споредба со претходнат година, учествуваа студенти од универзитетот, но исто така и студенти од руските универзитети во Тамбов и Липек, како и претставници на Регионалното здружение за македонско-руско пријателство „А.А. Ростковски“ од Битола[17] и „Сојузот на здруженија за македонско-руско пријателство во Р. Македонија“

Покрај овие два настани во рамките на програмата на Амбасадата и вклученоста на разни здруженија за македонско-руско пријателство и академијата, бројот на настани се зголеми. Беше организирана серија концерти низ државата од различни субјекти, како што се Општина Струмица и МСУ „Државин“ во Свети Николе, каде беа изложени фотографии од деца од градинка, придружени со нивните мисли за Победата во Големата војна. Покрај „традиционалните прослави“ во Битола и Скопје во минатото, оваа година во програмата беа вклучени и Свети Николе, Струмица и Прилеп. Во Прилеп беше вклучен локалниот огранок на Здружението за македонско-руско пријателство, а рускиот амбасадор положи цвеќе на Могилата на непобедените. Вклучувањето на Могилата на непобедените има голема симболика, затоа што е еден од најголемите и најзначајните споменици од Втората светска војна изграден во 1961 година[18], а Прилеп е еден од градовите кој беше прогласен за град-херој во СФР Југославија.



*Скопје, 5 мај 2018. Извор: Фејсбук*

На 5 мај, во параклисот Св. Ѓорѓи Победоносец во Скопје, лоциран до црквата која што се гради во руски стил а чиј што Ктитор е Сергеј Самсоненко, беше одржана религиозна церемонија за паднатите во Втората светска војна. Со молебенот раководел настојателот на Подворјето на Руската Православна Црква во

[17] https://msu.edu.mk/25-godishen-jubilej-na-zdruzhenieto-za-makedonsko-rusko-prijatelstvo-a-a-rostkovski-od-bitola/
[18] http://www.prilepinfo.mk/mk/muzei/mogila-na-nepobedenite

Софија, Архимандритот Васијан[19] а присутен бил и уште еден претставник на Руската Православна Црква. На настанот беа присутни рускиот амбасадор, почесниот руски конзул Самсоненко, владиката од редовите на МПЦ Агатангел како и други почесни гости. Овој концепт се вклопува во четвртиот елемент на sharp power, православието и Руската православна црква.

### *Главни заклучоци од прославата во 2018 година*

Бесмртниот полк е сè поприсутен, додека програмата се проширува не само во однос на содржината, туку и географски, покривајќи повеќе градови (освен Скопје и Битола, вкупно пет во споредба со претходната година), а го зголеми и својот опсег и ги прошири своите целни групи. За првпат црквата се појави како дел од програмата. Религиозната церемонија е симбол на „православното братство“, а симболизмот е еден од главните двигатели на руската пропаганда. На овој начин се прави обид на руските вредности и традиции да им се даде ексклузивитет во однос на православието и да се подведат како идентични со македонските и спротивни на западните демократски вредности. Фактот дека со молебенот управувал Руски свештеник, што ги поткрепува горенаведените заклучоци. Дополнително, спротивно и на традицијата и на реалноста, Русија и Руската православна црква го нема и не може да го има приматот врз целото православие. Ова беше годината со најголем број организирани настани, а нова карактеристика беше директната вклученост на Руската православна црква во прославата на Бесмртниот полк.

## *2019: ДОМАШНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ ДЕЛ ОД ПРОСЛАВАТА НА БЕСМРТНИОТ ПОЛК И ПРОШИРУВАЊЕ НА ГЕОГРАФСКИОТ ОПСЕГ НА НАСТАНИТЕ ВО ПРОГРАМАТА*




*Ѕид на сеќавањето, лево од амбасадорот Баздникин е Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар, Скопје, 9 Мај 2019. Извор: Фејсбук*

